**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр. 08-170**
**01.07.2022 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 2 и член 83 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 82 став 1 алинеја 2 од истиот Закон, член 51 став 1 и став 3 и член 52 став 2 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), член 28 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија", бр.96/19), постапувајќи по Предлогот Уп1 бр.08-170 од 17.06.2022 година, за покренување постапка за одземање и Предлогот Уп1 бр.08-170 од 30.06.2022 година на Директорот на Агенцијата за донесување одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид, а согласно Заклучокот, арх.бр.02-2530/2 од 01.07.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 25-та седница одржана на 01.07.2022 година донесе:

# ОДЛУКА
## за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид

1. СЕ ОДЗЕМА дозволата за радио емитување, Уп1 бр.08-112 од 05.01.2015 година на Трговското радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид, поради тоа што имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини.
2. Одлуката се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб страницата на Агенцијата и во најмалку два дневни весници, од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.
3. Оваа Одлука е конечна.

## О б р а з л о ж е н и е

Трговското радиодифузно друштво (ТРД) Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид, е имател на дозвола за радио емитување Уп1 бр.08-112 од 05.01.2015 година, за емитување преку терестријален предавател, на локално ниво (за подрачјето на општина Охрид), програмски сервис музичко-говорно радио од општ формат, на македонски јазик.

Согласно член 68 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - ЗААВМУ, дозволата за телевизиско или радио емитување ја доделува Агенцијата за одредено ниво на гледаност или слушаност (државно, регионално или локално),

а имателот на дозволата стекнува право да го емитува радио или телевизискиот програмски сервис во подрачјето за кое ја добил дозволата.

Врз основа на добиената дозвола за радио емитување со користење на радиофреквенции, Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) издава одобрение за користење на радиофреквенции согласно со Законот за електронските комуникации (ЗЕК). За користење на радиофреквенциите, се плаќа годишен надоместок на сметка на АЕК за секоја тековна година однапред почнувајќи од датумот на важењето на одобрението за користење на радиофреквенции.

Во врска со погоренаведеното, на 19.04.2022 г. ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид ја извести ААВМУ со Допис-Известување (наш арх.бр.03-1743/1), наведувајќи дека ќе има прекин во програмата на неопределено време поради донесено Решение од АЕК за отповикување на одобрението за користење на радиофреквенции за ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид, со оглед дека радиодифузерот не го платил надоместокот за користење на радио фреквенцијата за радио емитување - 91,5 MHz.

Имајќи предвид дека согласно член 82 став 1 алинеја 2 од ЗААВМУ, ААВМУ ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери, по претходно доставено писмено известување доколку имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини, ААВМУ до радиодифузерот достави допис - Известување (наш арх.бр.03-1743/2 од 19.04.2022 г.), во кој беше известен дека престанувањето со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини претставува основ за одземање на дозволата согласно напредцитираниот член од ЗААВМУ, како и што поскоро да ја надмине констатираната состојба и за истото да ја извести ААВМУ. Напреднаведениот Допис беше примен од страна на ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид на 21.04.2022 г.

На 27.04.2022 г., до ААВМУ беше доставено Известување од АЕК арх.бр.0805-178 од 14.04.2022 г. (наш арх.бр.03-1788/1) за отповикани одобренија за користење на радиофреквенции на одредени трговски радиодифузни друштва, меѓу кои и за ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид.

Во врска со напреднаведеното, Секторот за информатичка поддршка и општи работи при ААВМУ до членовите на Советот и до Директорот на ААВМУ, достави Службена белешка (наш арх.бр.03-1788/2 од 27.04.2022 г.), дека согласно член 82 став 1 алинеја 2 од ЗААВМУ, одредени трговски друштва меѓу кои и ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид ќе бидат под административен надзор до 18.05.2022 г., по повод Известувањето од АЕК за отповикување на одобренијата за користење на радиофреквенции, а со цел да се утврди дали емитуваат радио програмски сервис.

Во насока на преземање понатамошни дејствија од аспект на одредбите од ЗААВМУ, а со оглед дека ААВМУ не поседува технички можности за снимање на радио програмски сервиси на локално ниво, беше испратен Допис - Барање информација до АЕК (наш арх.бр.03-1788/3 од 28.04.2022 г.), за доставување на детални податоци за датумот од кој ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид не емитува радио програмски сервис, како и датумот на прием на решението за отповикување на одобрението за користење на радиофреквенцијата. На 19.05.2022 г. од страна на АЕК беше доставено Известување - Достава на детални податоци, Уп1 бр.0805-178 од 11.05.2022 г. (наш арх.бр.03-1788/10), дека првиот датум на мерење согласно распоред кога ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид не емитувало радио програмски сервис е 18.04.2022 г.

Во меѓувреме, вработени во Стручната служба на ААВМУ, во повеќе наврати остварија службена телефонска и електронска комуникација со одговорниот

уредник на ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид, кој ја потврди информацијата дека радиодифузерот не емитува радио програмски сервис и изрази подготвеност на ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид да му престане важноста на дозволата по сила на закон, со доставување на Изјава заверена на нотар.

Согласно член 27 став 1 од ЗААВМУ, ААВМУ врши административен надзор, кој се врши на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со условите утврдени со Законот за медиуми, ЗААВМУ и прописите донесени врз основа на него (член 29 став 1 од ЗААВМУ). ААВМУ врши вонреден надзор, врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, правни или физички лица, како и во случај на сомневање по службена должност на ААВМУ (член 27 став 4 од ЗААВМУ).

Следствено на наведеното, Секторот за информатичка поддршка и општи работи при ААВМУ до Директорот на ААВМУ достави Писмен извештај за извршен административен надзор на 16.06.2022 г., вонреден по службена должност на ААВМУ (наш арх.бр.03-2401/1 од 16.06.2022 г.), при што период опфатен со надзорот беше од 18.04.2022 г. заклучно со 14.06.2022 г. Во цитираниот Писмен извештај е наведено дека со вонредниот административен надзор врз радио програмскиот сервис на ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид, реализиран во периодот од 18.04.2022 г. заклучно со 14.06.2022 г., констатирано е дека ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид повеќе од 30 дена не емитува радио програмски сервис, односно престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини, што претставува основ за одземање на дозволата за радио емитување, согласно член 82 став 1 алинеја 2 од ЗААВМУ. Во Писмениот извештај за извршен административен надзор (наш арх.бр.03-2401/1 од 16.06.2022 г.), согласно член 82 став 1 алинеја 2 од ЗААВМУ, се даде предлог мерка директорот на ААВМУ да достави предлог до Советот за покренување постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид, Уп1 бр.08-112 од 05.01.2015 година.

Во меѓувреме на 16.06.2022 г., од страна на ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид до ААВМУ беше доставен Допис - Известување (наш арх.бр.03-2412/1), со кој радиодифузерот повторно ја потврди намерата за престанок на важност на дозволата за радио емитување по сила на закон и побара одложување на постапката за престанок на важност на дозволата.

Воедно, на 17.06.2022 г. од страна на вработен во Секторот за контрола и мониторинг на АЕК, по електронски пат до раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи при ААВМУ испратено е известување дека се извршени мерења и вонредни надзори и дека ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид на 17.06.2022 г. не ја користи радиофреквенцијата 91,5 MHz, како и дека не се среќава во евиденција за мерни резултати радио емисија на наведената радиофреквенција, за што во прилог достави слика од мерење за наведената радиофреквенција.

Во член 23 став 1 алинеја 3 од ЗААВМУ е утврдено дека доколку се констатира непочитување, повреда или прекршување на одредбите од ЗААВМУ и подзаконските акти, донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на ААВМУ, против издавач на медиум, Советот на ААВМУ може да преземе мерка – одземање на дозволата. Постапката за одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување, согласно член 83 став 1 од ЗААВМУ ја покренува Советот по предлог на директорот на ААВМУ.

Со оглед на утврдената фактичка состојба, а имајќи предвид дека престанувањето со емитување на програмскиот сервис на имателот на дозволата повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини е основ за

одземање на дозволата согласно член 82 став 1 алинеја 2 од ЗААВМУ, Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, врз основа на член 83 став 1 од ЗААВМУ, а во врска со член 82 став 1 алинеја 2, достави Предлог Уп1 бр.08-170 од 17.06.2022 г. за покренување постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид, УП1 бр.08-112 од 05.01.2015 г.

Советот на ААВМУ на 24-та седница одржана на 20.06.2022 г., со Заклучок, арх.бр.02-2416/2 од 20.06.2022 г., го усвои Предлогот, Уп1 бр.08-170 од 17.06.2022 г., за покренување на постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид, УП1 бр.08-112 од 05.01.2015 г., доставен од предлагачот Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски.

Во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид, УП1 бр.08-112 од 05.01.2015 г., а согласно член 82 став 1 од ЗААВМУ, ААВМУ испрати Известување до наведениот радиодифузер Уп1 бр.08-170 од 20.06.2022 г., дека доколку веднаш не го усогласи работењето со ЗААВМУ и отпочне со емитување радио програма, Советот на ААВМУ во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот на Директорот на ААВМУ, Уп1 бр.08-170 од 17.06.2022 г., ќе донесе Одлука за одземање на неговата дозвола за радио емитување, по што согласно член 85 став 2 од ЗААВМУ, радиодифузерот ќе биде избришан од регистарот на радиодифузери.

Известувањето Уп1 бр.08-170 од 20.06.2022 г., ААВМУ го испрати до ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид во писмена форма по препорачана пошта ЕМС на А.Д Пошта на РСМ, меѓутоа со оглед дека до ААВМУ до моментот на донесување на оваа Одлука, не е доставена повратница од А.Д Пошта на РСМ за прием на Известувањето (Уп1 бр.08-170 од 20.06.2022 г.), ААВМУ изврши проверка во електронскиот систем - следење на пратки на А.Д Пошта на РСМ преку кој се проверува статусот на пратката, при што беше констатирано дека цитираното известување е испорачано до А.Д Пошта на РСМ – Охрид на 22.06.2022 г. Цитираното Известување на 20.06.2022 г., беше испратено и во електронска форма на официјалната електронската адреса на радиодифузерот регистрирана како информација за контакт во Централниот регистар на Република Северна Македонија, која електронска адреса е евидентирана во регистарот на радиодифузери на ААВМУ. Воедно, известувањето во електронска форма беше испратено и до одговорниот уредник на ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид, со кој ААВМУ реализираше кореспонденција уште од првичното известување на радиодифузерот за прекин на неговиот радио програмски сервис.

Со цел да се утврди дали по покренувањето на постапката за одземање на дозволата радиодифузерот го усогласил своето работење со одредбите од ЗААВМУ и отпочнал со емитување радио програма, а со оглед дека ААВМУ не поседува технички можности за снимање на радио програмски сервиси на локално ниво, беше испратен Допис - Барање информација до АЕК (Уп1 бр.08-170 од 24.06.2022 г.), дали ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид по 20.06.2022 г. емитува радио програма. До ААВМУ на 30.06.2022 г. од страна на АЕК беше доставена Информација, арх.бр.0903-1998/2 од 29.06.2022 г. (наш Уп1 бр.08-170 од 30.06.2022 г.), дека ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид на 29.06.2022 г. не ја користи радиофреквенцијата 91,5 MHz, како и дека во периодот од 20.06.2022 г, па до 29.06.2022 г. во евиденцијата на мерни резултати во базата за мониторинг на радиоемисии, нема записи од радиоемисии на наведената радиофреквенцијата 91,5 MHz.

Во согласност со член 83 став 3 од ЗААВМУ, Советот е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на предлогот на Директорот за покренување постапка за одземање на дозволата, да донесе одлука со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Со оглед на фактот дека имателот на дозволата Уп1 бр.08-112 од 05.01.2015 г. - ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид, и во рокот од 15 (петнаесет) дена, од денот на приемот на Предлогот на Директорот на ААВМУ, Уп1 бр.08-170 од 17.06.2022 г. од страна на Советот на ААВМУ, не го усогласил работењето со ЗААВМУ и не отпочнал со емитување радио програма согласно доставената Информација од АЕК, арх.бр.0903-1998/2 од 29.06.2022 г. (наш Уп1 бр.08-170 од 30.06.2022 г.), врз основа на член 82 став 1 алинеја 2 од ЗААВМУ, а согласно Предлогот Уп1 бр.08-170 од 30.06.2022 г. за донесување одлука за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид од Директорот на Агенцијата и Заклучокот на Агенцијата, арх.бр.02-2530/2 од 01.07.2022 г., се донесе Одлука со која се одзема дозволата за радио емитување на ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид, Уп1 бр.08-112 од 05.01.2015 г., поради тоа што имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини.

Согласно член 84 од ЗААВМУ, одлуката за одземање на дозвола за телевизиско или радио емитување е конечна, а против истата имателот на дозволата има право да поднесе тужба до надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием. Постапката пред надлежниот суд е итна.

Врз основа на погоре наведеното се донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против оваа одлука за одземање на дозволата, Трговското радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид, има право да поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

**Доставено до:**
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Назначените лица во ААВМУ за водење на Уписникот Уп1;
- Трговското радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид; и
- Агенцијата за електронски комуникации на Република Северна Македонија.